Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

40-8029/3

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Бр. 21-2581/11
Скопје, 19-10-2022 година

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Достава на мислење по препораки/предлози кон годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис со кој доставивте барање за произнесување за релевантноста и прифатливоста на предлозите од Институтот за европска политика (ЕПИ) кон годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, Министерството за правда го доставува следното

**М И С Л Е Њ Е**

Во однос на стратешкиот приоритет „Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството" предвидена е активност „Унапредување на родовата еднаквост и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство", Ве известуваме дека во Собраниска постапка се измените и дополнувањата на Кривичниот законик каде се вградени решенија базирани врз меѓународните стандарди во оваа област како што е Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и домашното насилство (Истанбулска конвенција).

Република Северна Македонија ја потпиша Истанбулската конвенција во 2011 година, додека ратификацијата следеше седум години подоцна. Со тоа земјата демонстрираше политичка волја да се справи со насилството врз жените. Истанбулската конвенција стапи во сила на 1 јули 2018 година, а Владата на Република Северна Македонија дополнително го усвои националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција, каде што централно се предвидени активности на промена на законодавството со цел преточување на стандардите на Конвенцијата во пракса. Истанбулската конвенција дефинира


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

неколку клучни поими на кои се заснова актот: насилство врз жени, домашно насилство, род, родово засновано насилство, жртва и жени. Работната група која работи на изготвување измени и дополнувања на КЗ, во драфтот на КЗ посебно внимание посвети на вградување на стандардите содржани во Истанбулската конвенција, во следниве насоки:
- интервенција во Кривичниот законик заради употреба на родово сензитивен речник наспроти родово неутралниот кој моментално се употребува.
вметнување на родовата перспектива во КЗ, гарантирање дека родовите димензии се земени предвид во дефинирањето на кривичните дела и постапките за спроведување на овој Законик.
- измени во Кривичниот законик во однос на половиот напад и силувањето.
- измена на Кривичниот законик со цел дефинирање на психичко насилство.
- Инкриминирање на демнењето како ново кривично дело со одредби преку кои ќе бидат предвидени и санкции за сторителите, а истовремено ќе се обезбеди заштита за жртвите.
- Инкриминирање на сексуалното вознемирување како кривично дело во Кривичниот законик и дефинирање соодветни санкции за сторителите.

Во однос на активноста „обезбедување на владеење на правото, еднакви можности и недискриминација и развивање на систем на правда кој ефикасно ги штити човековите слободи, права и заедничкиот систем на вредности", Ве известуваме дека врз основа на член 64 став 5, член 65 став 1 од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 294/2021), Владата на Република Северна Македонија објави јавен оглас за искажување на интерес за учество во Националниот совет за медијација. На 54-тата седница на Владата на Република Северна Македонија именуван е и националниот координатор за медијација. Согласно одредбите од членот 70 од Законот за медијација во рок од три месеци по конституирање, Советот ќе ја утврди методологијата за евалуација на работата на медијаторите и ќе ги донесе актите за работите од својот делокруг на работа додека пак во рок од шест месеци по донесувањето односно усогласувањето на актите, Советот ќе започне со евалуација на работата на медијаторите согласно закон.

Во однос на препораката за интензивна обука на судиите за примена на Законот за пробација, Ве известуваме дека согласно член 13 став 1 алинеја 12 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр.20/15, 192/15, 231/15 и 163/18) Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители утврдува Општа програма за континуирана обука на судиите и обвинителите по предлог на Програмскиот совет.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Активноста која се однесува на „Создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство“ континуирано се спроведува од страна на Министерството за правда во соработка со сите чинители во правосудниот сектор. Во однос на наведеното, Министерството за правда редовно ја следи имплементацијата на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017 – 2022 година. На годишно ниво се изготвуваат извештаи за имплементација на активностите од Акцискиот план на Стратегијата кои ги усвојува Советот за следење на реформите во правосудниот сектор. Во однос на наводите на образложението за доцнење на одредени активности од Акцискиот план, Ве известуваме дека истото се должи на спориот процес во Собранието со оглед на тоа што голем дел од законските решенија се веќе одамна доставени во Собраниска процедура. Дополнително, во рамките на Министерството за правда е формирана работна група која активно работи на новата Стратегија која ќе го опфаќа периодот од 2023 – 2027 година. Во работната група се вклучени претставници и од граѓанскиот сектор заради инклузивност во целиот процес.

За активноста која се однесува на „Спречување на прекуграничен криминал, илегална миграција, контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил“, Ве известуваме дека е потребно да се обратите до Министерството за внатрешни работи како ресорно министерство од конкретната област.

Во однос на активноста „Соработка и воспоставување на заеднички стандарди, нови технологии и мерки за сајбер безбедност“ и „Креирање на системски политики за добро владеење и јакнење на интегритетот на носителите на функции и раководните лица“, Ве известуваме дека законска обврска на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители е одлуките за избор, унапредување и разрешување да бидат образложени и притоа јавно објавени на нивните веб страници.

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**д-р Никола Тупанчески**

Изготвил: Марија Бриндевска, кабинетски службеник
Одобрил: Фросина Тасевска, државен советник за Европска Унија и интеграции


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk